Врз основа на член 191 став (5) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 236/22, 134/24 и 147/24) и во врска со член 313 и 316 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25) како и член 10 ставови (6) и (8) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/19, 93/21 и 111/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 24 април 2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

1. Со ова решение важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр. 08-44/16 („Службен весник на Република Македонија“ бр.132/16, 85/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 149/19, 188/22, 22/24 и 141/25), издадено на Друштвото за производство на електрична енергија ГЛОБАЛ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, се продолжува до 28 мај 2027 година, согласно Анекс бр.7 на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Рибничка со реф.бр.7“, бр.11-4342/1 од 7 мај 2015 година склучен помеѓу Министерство за животна средина и просторно планирање со бр. 11-1512/1 од 6 март 2026 година и Друштвото за производство на електрична енергија ГЛОБАЛ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје со бр. 03-7 од 4 март 2026 година, со кој рокот за започнување со комерцијална работа на објектот е продолжен.
2. Ова решение да се достави до Друштвото за производство на електрична енергија ГЛОБАЛ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за животна средина и просторно планирање, операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на електродистрибутивниот систем.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во Службен весник на Република Северна Македонија и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Друштвото за производство на електрична енергија ГЛОБАЛ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје со седиште на ул. 1632 бр. 46 Скопје – Гази Баба согласно член 10 став 2 од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа на 2 април 2026 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Барање за продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „МХЕЦ РИБНИЧКА со реф.бр.7“ со планирана моќност од 5.000 kW и со локација на реф. бр. 7 на Рибничка река, КО Тануше и КО Грекај/Нивиште, општина Маврово и Ростуше на Друштвото за производство на електрична енергија ГЛОБАЛ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, заведено под архивски број УП1 бр.08-44/16 од 2 април 2026 година.

Регулаторната комисија за енергетика на 14 јули 2016 година одржа седница на која донесе Решение за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична

енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „МХЕЦ РИБНИЧКА со реф.бр.7“ со планирана моќност од 5.000 kW и со локација на реф. бр. 7 на Рибничка река, КО Тануше и КО Грекај/Нивиште, општина Маврово и Ростуше (согласно Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи за МХЕЦ РИБНИЧКА со реф.бр.7 склучен помеѓу Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. 11-4342/1 од 07.05.2015 година и Друштвото за производство на електрична енергија АКТУЕЛ ЕНЕРЏИ ГРУП ДОО Скопје со бр. 69 од 18.05.2015 година) на Друштво за производство на електрична енергија АКТУЕЛ ЕНЕРЏИ ГРУП ДОО Скопје, УП1 бр.08-44/16 од 14 јули 2016 година, објавено во „Службен весник на Република Македонија“ бр.132/16.

Регулаторната комисија за енергетика на ден 7 мај 2018 година одржа главна седница на која донесе Решение за изменување и дополнување и продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „РИБНИЧКА со реф.бр.7“ со планирана моќност од 5.000 kW и со локација на реф. бр. 7 на Рибничка река, КО Тануше и КО Грекај/Нивиште, општина Маврово и Ростуше на Друштвото за производство на електрична енергија ГЛОБАЛ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, УП1 бр. 08-44/16 од 7 мај 2018 година, објавено во „Службен весник на Република Македонија“ бр.85/18, со кое се извршија следните измени и дополнувања (согласно Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ РИБНИЧКА реф.бр.7 склучен помеѓу Министерството за животна средина и просторно планирање бр.11-324/1 од 12.01.2018 година и Друштвото за производство на електрична енергија АКТУЕЛ ЕНЕРЏИ ГРУП ДОО Скопје бр.03-28 од 25.01.2018 година и Договорот за пренос на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ РИБНИЧКА реф.бр.7 склучен помеѓу Министерството за животна средина и просторно планирање бр. 11-360/2 од 22.02.2018 година - концедент, Друштвото за производство на електрична енергија АКТУЕЛ ЕНЕРЏИ ГРУП ДОО Скопје бр. 03-51 од 22.02.2018 година - отстапувач и Друштвото за производство на електрична енергија ГЛОБАЛ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје бр.03-12 од 22.02.2018 година - примач“):

- носител на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр.08-44/16 од 14 јули 2016 година стана Друштвото за производство на електрична енергија ГЛОБАЛ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје“,
- важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр. 08-44/16 од 14.07.2016 година, се продолжи до 7 мај 2019 година.

Регулаторната комисија за енергетика на 15 јули 2019 година одржа седница на која донесе Решение за продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „МХЕЦ РИБНИЧКА со реф.бр.7“ со планирана моќност од 5.000 kW и со локација на реф. бр. 7 на Рибничка река, КО Тануше и КО Грекај/Нивиште, општина Маврово и Ростуше на Друштвото за производство на електрична енергија ГЛОБАЛ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, со кое важноста се продолжува до 7 мај 2021 година (согласно Анекс бр.2 на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Рибничка со реф.бр.7“, бр.11-4342/1 од 7.05.2015 година, бр 11-3445/1 од 17 јуни 2019 година, согласно кој концесионерот треба да започне со комерцијална работа најдоцна до 7 мај 2021 година), УП1 бр. 08-44/16 од 15 јули 2019 година, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 149/19.

Регулаторната комисија за енергетика на 22 август 2022 година одржа седница на која донесе Решение за продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен

статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „МХЕЦ РИБНИЧКА со реф.бр.7“ со планирана моќност од 5.000 kW и со локација на реф. бр. 7 на Рибничка река, КО Тануше и КО Грекај/Нивиште, општина Маврово и Ростуше на Друштвото за производство на електрична енергија ГЛОБАЛ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, со кое важноста се продолжува до 7 октомври 2023 година (согласно Анекс бр.4 на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Рибничка со реф.бр.7“, бр.11-4342/1 од 7.05.2015 година склучен помеѓу Министерство за животна средина и просторно планирање со бр. 11-4687/2 од 29.06.2022 година и Друштвото за производство на електрична енергија ГЛОБАЛ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје со бр. 03-14 од 15.06.2022 година, согласно кој концесионерот треба да започне со комерцијална работа најдоцна до 7 октомври 2023 година), УП1 бр. 08-44/16 од 22 август 2022 година, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 188/22.

Регулаторната комисија за енергетика на 25 јануари 2024 година одржа седница на која донесе Решение за продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „МХЕЦ РИБНИЧКА со реф.бр.7“ со планирана моќност од 5.000 kW и со локација на реф. бр. 7 на Рибничка река, КО Тануше и КО Грекај/Нивиште, општина Маврово и Ростуше на Друштвото за производство на електрична енергија ГЛОБАЛ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, со кое важноста се продолжува до 28 февруари 2025 година (согласно Анекс бр.5 на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Рибничка со реф.бр.7“, бр.11-4342/1 од 7.05.2015 година склучен помеѓу Министерство за животна средина и просторно планирање со бр. 11-112/1 од 05 јанури 2024 година и Друштвото за производство на електрична енергија ГЛОБАЛ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје со бр. 03-31 од 06 декември 2023 година, согласно кој концесионерот треба да започне со комерцијална работа најдоцна до 28 февруари 2025 година), УП1 бр. 08-44/16 од 25 јануари 2024 година, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 22/24.

Регулаторната комисија за енергетика на 10 јули 2025 година одржа седница на која донесе Решение за продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „МХЕЦ РИБНИЧКА со реф.бр.7“ со планирана моќност од 5.000 kW и со локација на реф. бр. 7 на Рибничка река, КО Тануше и КО Грекај/Нивиште, општина Маврово и Ростуше на Друштвото за производство на електрична енергија ГЛОБАЛ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, со кое важноста се продолжува до 28 мај 2026 година (согласно Анекс бр.6 на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Рибничка со реф.бр.7“, бр.11-4342/1 од 7.05.2015 година склучен помеѓу Министерство за животна средина и просторно планирање со бр. 11-3229/2 од 24 јуни 2025 година и Друштвото за производство на електрична енергија ГЛОБАЛ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје со бр. 03-14 од 5 јуни 2025 година, согласно кој концесионерот треба да започне со комерцијална работа најдоцна до 28 мај 2026 година), УП1 бр. 08-44/16 од 10 јули 2025 година, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 141/25.

Друштвото за производство на електрична енергија ГЛОБАЛ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје на 2 и 16 април 2026 година до Регулаторната комисија за енергетика достави Анекс бр.7 на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Рибничка со реф.бр.7“, бр.11-4342/1 од 7 мај 2015 година склучен помеѓу Министерство за животна средина и просторно планирање со бр. 11-1512/1 од 6 март 2026 година и Друштвото за производство на електрична енергија ГЛОБАЛ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје со бр. 03-7 од 4 март 2026 година, копија заверена на Нотар Андријана Ѓорѓиевска број УЗП 4955/2026 од 16 април 2026 година, со кој рокот за започнување со комерцијална работа на објектот е до 28 мај 2027 година.

По доставената документација од 2 и 16 април 2026 година, Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање за продолжување на важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија

произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „МХЕЦ РИБНИЧКА со реф.бр.7“ е комплетно и оправдано, и ја продолжи постапката со одржување на седница на којашто се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 08-44/16**
**24 април 2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Ацо Ристов**